Врз основа на член 35 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" бр. 199/14; 44/15; 193/15; 31/16, 163/16; 64/18; 168/18), градоначалникот на Општина Центар - Скопје го издава следното

## СООПШТЕНИЕ

Се известуваат сите физички и правни лица од опфатот на Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 14-Кале и СРЦ Кале дека градоначалникот на Општина Центар - Скопје донесе Одлука за спроведување на

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА**
**по Предлог - Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 14 - Кале и СРЦ Кале, Општина Центар - Скопје, плански период 2016-2022**

Границата на планскиот опфат е дефинирана:
- на **исток** до оска на сервисната улица „С2" (ул.„Самоилова"),
- на **југ** до оска на бул.„Гоце Делчев",
- на **запад** до оска на река Вардар и
- на **северозапад** до оска на бул.„Свети Климент Охридски", тунел С49-С50

Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 26,21 ха.

**Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 14-Кале и СРЦ Кале ќе биде изложен во Читална „Славко Јаневски"** на ул.„Димитрие Чуповски" бр.23, Скопје (во кулата до СУГС „Јосип Броз Тито" Центар) **секој работен ден од 8.00 до 16.00 часот од 20.07.2022 до 16.09.2022** година.

**Јавната презентација** по Предлог-Деталниот урбанистички план Градска четврт ЦС 14-Кале и СРЦ Кале **ќе се одржи во Музејот на современа уметност** (ул.„Самоилова" бб, Скопје) **на ден 29.08.2022** година (понеделник) **во 13.00 часот**.

**Соопштението** за организирање на јавна презентација и јавна анкета **ќе биде објавено во** дневните весници **„Слободен печат" и „Вечер"**, **на** веб страната на Општина Центар - Скопје **www.centar.gov.mk** и **на** информацискиот систем **е-урбанизам**.

Контакт телефони **3203 605** и **3203 660** и email: **planiranje@centar.gov.mk.**

Во определениот рок заинтересираните физички и правни лица можат да доставуваат анкетни листови со забелешки и предлози по предлог планот.

Бр. 09-1159/14
12.07.2022 год.
Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**
**м-р Горан Герасимовски**